Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/22

**З А П И С Н И К**

**од Дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 март 2020 година**

**Скопје, март 2020 година**

**З А П И С Н И К**

**од Дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 март 2020 година**

Седницата започна во 11:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, Неџад Мехмедовиќ, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.
Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Предлог на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања за обраќање до Европскиот комесар за проширување во Европската Унија

*
* *

1. Преземање дополнителни мерки и активности за спречување на внесување, превенција и ширење на Коронавирус COVID-19

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Информација за користење на средства од Развојна банка на Република Северна Македонија за поддршка на претпријатијата погодени од состојбата со корона вирусот - со Предлог-одлука

*
* *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

Владата го прифати предлогот на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и заклучи да достави писмо до Европскиот комесар за проширување во Европската Унија Оливер Вархеј во однос на:

- средствата во вредност од 50 милиони евра (кои биле најавени како награда за успешност) и претходно биле наменети за Преспанскиот Регион, прочистување на воздухот, за транспорт и за животната средина, да се реалоцираат (пренасочат) за потребите на Владата за справување и организирање околу новонастаната состојба со Коронавирусот COVID-19.

- да се побара помош преку механизмот за заштита од страна на Република Северна Македонија, како една од 6-те земји учеснички во овој механизам.

- преку Развојната банка на Република Северна Македонија, која има потпишано договор за користење на кредитни линии, да се имплементираат микро кредитни линии за поддршка на малите претпријатија.

- реобјавување на скоро затворениот повик од меѓународните финансиски институции во рамки на Западен Балкан.

- овозможување на учество во ИПАРД 2, средствата од делот на ИПА фондовите (по истиот принцип за кризна состојба за поплавите во 2015 година).

- Во рамки на Регулативата која е донесена од страна на Европската комисија 2020 година од 14 март, во која што се бара авторизација за извоз на средства, особено во делот на здравството од страна на Европскта комисија надвор од Европската Унија, Република Северна Македонија да биде исклучена, односно Република Северна Македонија да може да набавува продукти од Европската Унија.

*
*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата во врска со преземање дополнителни мерки и активности за спречување на внесување, превенција и ширење на Коронавирус COVID-19 го разгледа Записникот од Третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 март 2020 година, го усвои Записникот и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи и Министерството за здравство, да ги споделат сите информации, списоци, листи на наши државјани кои се затечени на граничните премини надвор од Република Северна Македонија, а во моментов организирано или поединечно се упатуваат/враќаат од овие држави кон Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи на секое лице кое ги напушта границите на Република Северна Македонија, да му даде да потпише лична изјава со која ќе се обврзе во наредните три месеци да не се врати назад во Република Северна Македонија.

За оваа цел, се задолжува Министерството за надворешни работи да подготви терк на изјава.

Исклучок од ова се возачите на товарните моторни возила кои секојдневно преминуваат граничен премин од и во Република Северна Македонија или граѓани кои ги напуштаат границите поради здравствени причини или лекување во странство.

3. Сите производствени капацитети на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа на кои постои кризна состојба, да го организираат својот работен тек и процес, како и влез и излез во овие подрачја, согласно посебен режим и протоколите на Министерството за здравство, по примерот на фабриката Кнауф Радика АД.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи и Царинската управа на Република Северна Македонија да стапат во контакт со АД Пошта на Северна Македонија, со цел да постапуваат согласно протоколите за превоз и транспорт за непречено спроведување на размена на пошта на меѓународниот поштенски сообраќај, потврдени со Министерството за здравство.

5. Се задолжува министерот за транспорт и врски, м-р Горан Сугарески, да стапи во контакт со директорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, со цел да се реши проблемот со дозволите и протокот на премин на граничните премини во Република Северна Македонија за македонските возачи на товарните моторни возила.

6. Се задолжува Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да преземе активности и координација помеѓу Министерството за економија, Царинска управа на Република Северна Македонија и стопанските комори, за да се разгледа можноста по предлогот на Министерството за здравство кој се однесува за сите медицински помагала и потрошниот медицински материјал кој се увезува во Република Северна Македонија за потребите за справување со моменталната ситуација, да се ослободат 100% од царинските давачки.

7. Се задолжува Министерството за внатрешни работи и Министерството за здравство согласно протоколите и проценките од стручните лица на Министерството за здравство да преземат соодветни мерки и активности кон лицата кои во текот на денешниот ден ќе слетаат на Меѓународниот Аеродром Скопје со чартер лет од Република Германија.

8. Се задолжува Министерството за внатрешни работи - ОВР Шуто Оризари да ги интензивира теренските контроли на територијата на општината во функција на спречување од организирање на групни собири.

9. Се задолжува Министерството за надворешни работи, преку дипломатско - конзуларните претставништва во Република Северна Македонија да направи проценка за тоа колку државјани на Република Северна Македонија се надвор од државата, а бараат да се вратат во државата и врз основа на оваа проценка да се оствари контакт со WizzAir, со цел преку чартер лет организирано да се вратат во Република Северна Македонија. Ова да биде последна преземена мерка од Владата на Република Северна Македонија кон државјаните кои се надвор од границите на Републиката.

10. Се задолжува Фондот за здравственото осигурување на Северна Македонија, да ги интензивира контролите и надзорите кон ординациите на матичните лекари, имајќи предвид дека има зголемена појава на затворање на овие ординации.

11. Се задолжува Министерството за здравство да стапи во контакт со приватните производствени капацитети кои имаат можност и доставено понуда до Министерството за здравство за производство на заштитни маски.

12. Се задолжува Министерството за здравство да стапи во контакт со приватните здравствени болници, со цел согласно нивните можности да се ослободат нивните здравствени капацитети за потребите на Министерството за здравство во спроведувањето со настанатата ситуација и преку соодветен правен инструмент (договор за соработка, меморандум и сл) да ги дефинираат начинот, условите, критериумите и обврските на двете страни.

13. На предлог на Царинската управа на Република Северна Македонија, се задолжува Агенцијата за храна и ветринарство да отстапи две пумпи за потребите на Царинската управа на граничните премини.

*
*   *

Владата врз основа на член 125 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија смета дека се настанати услови за постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија заради спречување на внесување и ширење и справување со Коронавирус COVID-19, а согласно пандемска епидемија прогласена од Светската здравствена организација за нов вид на вирус кој е проширен на сите континенти и ја зафати територијата на Република Северна Македонија и заклучи да поднесе предлог до Собранието на Република Северна Македонија врз основа на член 125 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија да утврди постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија за образложување на овој предлог во Собранието на Република Северна Македонија се определуваат Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Венко Филипче, министер за здравство.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

1. По повод предлогот на Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владата заклучи Заклучокот од делот на Пред преминување на Дневниот ред од Дваесет и првата седница на Владата, да се измени во насока овие лица да бидат однесени во депандансот на Министерството за труд и социјална политика во Демир Капија за кои од страна на Министерството за труд и социјална политика преку УНДП ќе обезбеди вода и храна и истата ќе биде дистрибуирана преку Црвениот крст на Република Северна Македонија, а Службата за општи и заеднички работи на Владата да обезбеди средства за лична хигиена за овие лица.

2. Владата условно ја одобри соодветно изменетата Тендерска документација (за продолжување на рокот за достава на понуди за учество во претквалификација) за постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, откако Министерството за животна средина и просторно планирање ќе ја достави до Владата заедно со Записник од состанокот на Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за користење на средства од Развојна банка на Република Северна Македонија за поддршка на претпријатијата погодени од состојбата со корона вирусот, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за прибирање, користење и управување на средствата од економската помош од странство на Република Македонија број 44-7213/1-17 од 6 март 2018 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 44 од 2018 година, во предложениот текст.

2. Се задолжува Развојната банка на Северна Македонија во рок од пет дена да достави информација до Владата со која ќе предложи формирање на кредитна линија за директно кредитирање на компании погодени од Коронавирусот со поповолни услови од условите на кредитите од комерцијалните банки.

3. Се задолжува Министерството за финансии да ја извести Развојната банка на Северна Македонија дека може да врши пласирање на средствата од 6 милиони евра од Компензационите фондови и истото да го проследи и до Министерството за надворешни работи.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи, по влегување во сила на Одлуката за престанок на важење на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за прибирање, користење и управување на средствата од економската помош од странство на Република Македонија број 44-7213/1-17 од 6 март 2018 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 44 од 2018 година, да достави Известување до Амбасадата на Јапонија во Република Северна Македонија, со цел информирање дека средствата ќе бидат ставени на управување и администрирање на Развојната банка на Северна Македонија.

5. Се задолжува Развојната банка на Северна Македонија, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Министерството за финансии да подготви и да достави до Владата информација со предлог-одлука, со која ќе се утврдат условите за директно кредитирање на деловните субјекти погодени од Коронавирусот.

*
*  *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 12:20 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** |

**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски** **Оливер Спасовски**